Сојузот има делегирано свои членови како делегати во самоуправните органи на повеќе работни организации, институции и установи: во ИНИ, во Историскиот архив на Македонија, во Советот за негување на револуционерните традиции од НОВ при ССРНМ, во издавачката куќа „Култура", во сп. „Македонски архивист" и др.

*

Покрај списанието „Историја", кое ја шири и развива историската мисла, Сојузот во текот на 1982 година ја издаде „Историографијата на Македонија 1965—1975", и даде предлог кој беше усвоен за издавање на втора книга на Историографијата на Македонија 1976—1980.

На крајот од изнесеното во Извештајот за активноста на Претседателството, одделни комисии, како и друштвата на теренот, може да се заклучи дека тие успешно ги извршија задачите што им се поставија во овој двегодишен мандатен период.

Секако од постигнатото не треба во потполност да бидеме задоволни, зашто сме можеле уште повеќе да постигнеме. Но, од друга страна, ако го имаме предвид фактот дека овој е прв мандатен период, кога во нашиот Сојуз се воведува колективно раководење и претседател со едногодишен мандат, како и потребата од целокупната преориентација на работата на Сојузот во духот на колективното раководење, мислиме дека во границите на нашите можности и знаења постигнавме доста резултати. Веруваме дека во наредниот мандатен период со ново раководство, Сојузот ќе постигне уште поголеми резултати во развојот и во унапредувањето на историската наука.

Секретар на СДИ на СРМ
Надежда ЦВЕТКОВСКА

## ОД РАБОТАТА НА XV-то ЈУБИЛЕЈНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СОЈУЗОТ НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА СР МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНО НА 24—25 МАРТ 1983 ГОДИНА.

Собранието се одржа во Големата сала на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" — Скопје, во присуство на делегати од цела СР Македонија, како и гости од општествено-политичките организации од Републиката. Покрај другите гости, тука еа: Зоге Груевски — член на Претседателството на РК ССРНМ, проф. д-р Александар Христов — директор на Институтот за национална историја — Скопје, акад. проф. Љубен Лапе — почесен доживотен член на Претседателството на Сојузот на историчарите на СР Македонија, проф. д-р Бранко Панов раководител на Наставно научната студиска група по историја при Филозофскиот факултет во Скопје.

Собранието го отвори претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија д-р Владо Ивановски. Притоа тој ги поздрави присутните гости и делегати, а потоа со едноминутно молчење им беше оддадена почит на починатите членови на Сојузот.

Беше предложено работата на Собранието да се одвива во два дела, со следниот

ДНЕВЕН РЕД:

Првиот ден, на 24. III 1983 година:

— Отворање на Собранието, поздравни говори и избор на работни тела.

— Читање реферат „40 години од формирањето на КПМ и одржувањето на Првата седница на ЦК КПМ" — д-р Владо Ивановски, научен советник во Институтот за национална историја — Скопје.

— Реферат „Некои актуелни проблеми во наставата по историја во системот на основното и средното образование и воспитание во СРМ" — Наум Димовски, советник по историја во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието во Скопје.

— Реферат „Некои актуелни проблеми на студиумот на историските науки на Филозофскиот факултет во Скопје на релација — реформата на основното, средното насочено и високото образование" — д-р Војо Кушевски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Вториот ден на 25. III 1983 година:

— Извештај од работата на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ — Надежда Цветковска, секретар на Сојузот, асистент во Институтот за национална историја — Скопје.

— Извештај за работата на Редакцијата на сп. „Историја" — д-р Христо Меловски, главен и одговорен уредник, професор на Филозофскиот факултет — Скопје.

— Финансов извештај — Пандора Матлиева, благајник на Сојузот

— Дискусија по предлогот за измени и дополнувања на Статутот на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

— Дискусија по поднесените извештаи.

— Избор на Претседателство на Сојузот и на Редакција на списанието „Историја".

Потоа следуваше избор на работно претседателство во состав: акад. проф. Љубен Лапе, д-р Владо Ивановски, Наум Димовски, д-р Нијази Хамза — професор на Педагошката академија во Скопје, Надежда Цветковска и м-р Лазар Лазаров — научен соработник во ИНИ—Скопје.

По конституирањето на работното претседателство, д-р Владо Ивановски одржа кратко уводно излагање за 30-годишнината од работата на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

Потоа, секретарот на Сојузот, Надежда Цветковска, ја прочита Одлуката по повод 30-годишнината од основањето на Сојузот да им се доделат благодарници и награди во книги на поединци, институции, организации и друштва за постигнувањата во науката, образованието, за унапредувањето на работата и соработката со Сојузот.

Во понатамошната работа на Собранието, следуваа поздравните говори упатени до ова јубилејно годишно собрание на Сојузот на историчарите на СРМ. Собранието го поздравија: Зоге Груевски, проф. д-р Александар Христов, проф. д-р Бранко Панов, акад. проф. Љубен Лапе и проф. д-р Андрија Лаиновиќ.

Во своите поздравни говори тие му пожелаа успешна работа на Собранието на Сојузот, нагласувајќи дека и понатаму истиот ќе го помагаат како материјално, така и морално. Тие посебно ја акцентираа улогата на Сојузот во развитокот на општествената мисла во Републиката и надвор од неа.

Во продолжение се премина кон читање на рефератите предвидени со дневниот ред, а кои третираа проблеми од историјата на македонскиот народ и народностите, како и проблеми сврзани со наставата по историја во основните, средните насочени училишта и во високообразовните институции.

Прв референт беше д-р Владо Ивановски со рефератот под наслов „40 години од формирањето на КПМ и одржувањето на Првата седница на ЦК КПМ".

По завршетокот на рефератот пред присутните на Собранието акад. проф. Љубен Лапе соопшти дека во меѓувреме пристигнала вест по телефон со која Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ е одликуван со Орден заслуги за народ. Оваа вест беше бурно поздравена и со радост прифатена од присутните гости и делегати.

Во продолжение следуваа рефератите на: Наум Димовски под наслов „Некои актуелни проблеми во наставата по историја во системот на основното и средното насочено образование и воспитание во СРМ" и рефератот на проф. д-р Војо Кушевски под наслов „Некои актуелни проблеми на студиумот на историските науки на Филозофскиот факултет во Скопје на релација — реформата на основното, средното насочено и високото образование".

По изнесените реферати беше отворена дискусија во која зедоа учество следните дискутанти: Ѓорѓи Миљковиќ — кустос во Историскиот музеј во Скопје, проф. д-р Бранко Панов, д-р Владо Картов, проф. на Правниот факултет во Скопје, проф. Методија Соколовски, Спаска Младеновиќ, професор во среднотехничко училиште во Куманово и Благоја Цветковски — професор на Педагошката академија во Штип.

Дискусијата претежно се водеше за двата реферата кои ги третираа проблемите во наставата по историја во основното, средното насочено образование и во високообразовните институции. Во дискусијата беа покренати проблеми за наставата по историја и беа дадени неколку мошне конкретни и умесни предлози за разрешување на тие проблеми.

Поголемиот дел од дискутантите се заложија за осовременување на наставата по историја, за нејзиниот континуитет и квалитет. Беше предложено поголема примена на нагледните средства во наставата по историја, изведување на истата во историските музеи и примена на музејските експонати како оригинално нагледно средство, кое остава трајни впечатоци во психата на ученикот. Исто така, беше предложено зголемување на вонучилишните и други активности и поголема работа со учениците, особебно со ние кои појавуват посебен интерес кон историската наука.

Во дискусијата посебно беше нагласен проблемот во врска со

намалувањето на фондот на часовите по историја. Поради тоа категорично беше побарано зголемување на фондот на часовите по историја, како би можел да се зго леми квалитетот на истата.

Повеќето дискутанти го покренаа проблемот сврзан со тешките материјални и просторни услови во кои се изведува настават по историја. Паралелно со тоа се побара подобрување на квалитетот на учебниците по историја и осовременување на наставата по историја со примена на посовремени методи во предавањето, како би можела истата кај младите генерации да предизвика поголем интерес и склоност.

На крајот од дискусијата беше разгледан проблемот сврзан со наставата по историја на високообразовните институции.

Завршувајќи ја оваа мошне плодна дискусија, беше побарано Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ да ги штити и брани интересите на базата, застапувајќи се пред надлежните форуми за правилно решавање на поставените проблеми, борејќи се за вистинското место што треба да го има наставата по историја во процесот на образованието и воспитанието на младите генерации.

Вториот дел од работата на Собранието на 25. III 1983 година се одвиваше по однапред усвоениот дневен ред.

Извештај за двегодишната работа на Претседателство и на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, поднесе секретарот на Сојузот Надежда Цветковска. Во него мошне опсежно и опширно беше опфатена работата на Сојузот во изминатиот период.

Извештај за работата на Редакцијата на сп. „Историја“ поднесе д-р Христо Меловски, главен и одговорен уредник, професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Извештајот ја опфати целокупната досегашна работа на Редакцијата во редактирањето на сп. „Историја“, и нејзиниот придонес во развитокот на историската мисла воопшто.

Финансискиот извештај за двегодишната работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ го поднесе благајникот на Сојузот, Пандора Матлиева.

Во продолжение од работата на Собранието, беше разгледан предлогот за измени и дополнувања на Статутот на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. Беше предложено: членот 22 пасус 2 кој сега гласи: „на секој 10 члена друштвата делегираат по еден делегат“, да се брише и по ново да гласи: „Претседателството донесува Одлука, по колку делегати ќе делегираат друштвата на историчарите“. Оваа измена беше донесена поради економичност во работењето на Сојузот и поради намалување на патните трошоци и дневниците на делегатите на Годишното собрание. Исто така ,имајќи го предвид делегатскиот систем во кој делегатот го пренесува мислењето на базата, а не своето, логично е што се предложи и усвои.

Членот 29, пасус 4 кој гласи: „член на Претседателството може да биде биран најмногу два пати едно по друго“, да се исфрли бидејќи се повторува во последната реченица од вториот пасус од истиот член, со дополнување меѓу зборовите: „избрано два“ се вметнуваат зборовите „повеќе од“.

Продолжените измени и дополнувања беа прифатени од страна на делегатите.

Во натамошната работа на Собранието беше формирана кандидациона комисија за избор на членови на новата редакција на сп. „Историја“, во состав: д-р Глигор Тодоровски, научен советник во ИНИ—Скопје, проф. д-р Христо Меловски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, и Стеван Николов, професор во Титов Велес. Кандидационата комисија беше едногласно прифатена.

Во понатамошниот тек од работата на Собранието следуваше дискусија по однос на поднесените извештаи, во која зедоа учество следните дискутанти: проф. д-р Александар Апостолов, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Нуфре Јовановски, професор во ЦСНО „Злате Малаковски“ — Гостивар, д-р Петар Стојанов, научен советник во ИНИ—Скопје, м-р Лазар Лазаров, д-р Владо Картов, Наум Целаковски, кустос во Охрид, м-р Димитар Мицковски, уредник во НИО „Просветно дело“ — Скопје, проф. д-р Бранко Панов, проф. д-р Војо Кушевски Наум Димовски, Борис Спасов, професор во Виница и акад. проф. Љубен Лапе.

Во мошне обемната и конкретна дискусија беше извршена анализа на досегашната и беа дадени предлози за идната работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

Дискутантите посебно се заложија за зголемување и проширување на активноста на Сојузот, преку неговото залагање за издигнување на наставата по историја на југословенско ниво, како и за создавање и развивање на љубов на младите генерации кон историската наука. За таа цел беше предложено Сојузот да започне да издава популарна едиција со историска содржина, лесно прифатлива за поширок круг на читатели.

Дискутантите посебно се заложија за зголемување на активноста на Скопското друштво на историчарите, бидејќи истото е најголемо и најмасовно во Републиката и претставува столб на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. За таа цел беше поддржан предлогот Скопското друштво да се подели на пет дела, во петте скопски општини, а меѓу нив да постои координационо тело за нивната работа.

Во понатамошниот тек на дискусијата повторно беше покренат проблемот за учебниците по историја. Беше нагласена потребата од зголемување на квалитетот на истите, како и потребата за поголема дистрибуција и ликвидирање на резервите кои се натрупуваат во издавачките куќи.

Во продолжение на дискусијата уште еднаш беше нагласена потребата од примената на музеологијата во наставата по историја, при што беше речено соработката со музеите да се внесе во наставните програми.

На крајот од дискусијата едногласно беа прифатени поднесените извештаи.

Завршувајќи ја дискусијата, беше констатирано дека дадените предлози, сугестии и размислувања ќе бидат патоказ за идната работа на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

Во продолжение од работата на Собранието на Сојузот на друштва

та на историчарите на СРМ, се премина кон избор на: Претседателство на Сојузот, Редакцијата на сп. „Историја“, Одбор за општествена контрола и Суд на честа:

За можни кандидати на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ се предложени:

1. М-р Никола Чингоски — професор на Факултетот за безбедност, за претседател.

2. Марјан Димитријевски, асистент во ИНИ—Скопје, за секретар.

3. М-р Коста Ациевски — предавач на Филозофскиот факултет во Скопје, за член.

4. Али Вишко — професор на Педагошката академија во Скопје, за член.

5. Благоја Цветковски — професор на Педагошката академија во Скопје, за член.

6. Д-р Владо Ивановски — научен советник во ИНИ—Скопје, за член.

7. Марија Мирчевска — професор во гимназијата „Орце Николов“ — Скопје, за член.

8. Вера Буцевска — професор во ОУ „Владимир Назор“ — Скопје, за член.

9. Ѓорѓи Танковски — советник во Заводот за школство — Битола, за член.

10. Дукадин Камшикоски — професор во Прилеп, за член.

11. Нуфре Јовановски — професор во ЦСНО „Злате Малаковски“ — Гостивар, за член.

12. Коце Коцевски — советник во Тетово, за член.

13. Ленче Горачинова — професор во гимназијата во Штип, за член.

Кандидационата листа, како и извештајот за работа два месеци пред одржувањето на Собранието беше испратена до сите друштва на историчарите и до Претседателството на РК ССРНМ.

Предложената листа беше едногласно прифатена.

За Редакција на сп. „Историја“, беа предложени следните членови:

Д-р Бранко Панов — професор на Филозофскиот факултет; за главен и одговорен уредник.

Д-р Воислав Кушевски, професор на Филозофскиот факултет;

Д-р Растислав Терзиоски, научен советник во ИНИ;

М-р Али Вишко ,професор во Педагошката академија;

Д-р Владо Картов, професор на Правниот факултет.

Предложената листа беше едногласно прифатена.

Во Одборот за општествена контрола беа предложени следните членови:

Д-р Петар Стојанов, научен советник во ИНИ—Скопје.

Д-р Христо Меловски, професор на Филозофскио тфакултет во Скопје, за член.

Професор Стево Николов, од Титов Велес, за член.

Предложената листа на членовите беше едногласно прифатена.

За Суд на честа беа предложени следните членови:

Д-р Крсте Битоски, научен советник во ИНИ—Скопје.

Ѓорѓи Димовски од Битола.

Љубица Стаматова, проф. во гимназијата „Јосип Броз Тито“ — Скопје.

Предложената листа беше едногласно прифатена.

На крајот од работата на ова јубилејно годишно собрание на Сојузот на друштвата на истори-

чарите на СРМ беше предложено да се испрати телеграма до Републичката конференција на ССРНМ.

Затворајќи го Собранието, досегашниот претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, д-р Владо Ивановски, им оддаде благодарност на присутните делегати на Собранието и на сите членови на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ, за активното учество во работата на Собранието, пожелувајќи им успешна понатамошна работа.

Јубилејното годишно собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ ја заврши работата во 12 часот.

Марјан ДИМИТРИЈЕВСКИ